**З А П И С Н И К**
**од Втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 6.6.2017 година**

**Скопје, јуни 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Второта седница на Владата на Република Македонија, одржана на 6.6.2017 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Од седницата отсуствуваше м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. ПРЕДЛОГ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБАТА ВО ВРСКА СО ВРАБОТУВАЊАТА КОИ СЕ НАПРАВЕНИ ЗА ВРЕМЕ НА МАНДАТОТ НА СОСТАВОТ НА ПРЕОДНАТА ВЛАДА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИ НА ПРАТЕНИЦИ, КАКО И ЗА ВРЕМЕ НА ПЕРИОДОТ ОД ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ДО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ИЗБОРОТ НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ИЗБОРОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3. КАДРОВСКИ ПРАШАЊА

4. ПРАШАЊА И ПРЕДЛОЗИ

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

1. Владата го разреши д-р Васе Доневски од должноста директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

1.1. Владата го именува Пеце Мирчески за директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата 3,1.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата во врска со вработувањата кои се направени за време на мандатот на составот на преодната Влада за спроведување на избори на пратеници, како и за време на периодот од донесувањето на Одлуката за распишување на избори до завршувањето на изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија и притоа заклучи:

Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да изврши целосна проверка на законитоста на процесот на вработување на сите ангажирани лица во јавната администрација за периодот од донесувањето на Одлуката за распишување на избори до завршувањето на изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија и притоа да се има предвид за тоа дали е добиена претходна согласност од Министерството за финансии и Државната комисија за спречување на корупцијата и за истото Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, да ја информира Владата.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

1. По повод укажувањето на министерот за здравство, д-р Арбен Таравари, а во врска со проблемот за паркингот на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје, Владата заклучи Министерството за здравство да подготви и за наредна седница на Владата да достави комплетна информација (со тоа каков договор е склучен за паркингот, со кого и под кои услови), со цел изнаоѓање на соодветно решение за надминување на ова прашање.

2. Владата на предлог на Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, го задолжи д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања да подготви и до Владата да достави нацрт-текст на декларација за поддршка на интеграцијата во Европската Унија, со цел истата да се разгледа од страна на Владата и да се достави до Собранието на Република Македонија за понатамошно разгледување.

Воедно, претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, ги информира членовите на Владата за претстојната работна посета на Брисел на 12.6.2017 година, на која покрај него ќе присуствуваат и д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, како и други министри кои дополнително ќе бидат определени.

3. Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, ги информира членовите на Владата за претстојната работна посета на Софија, Република Бугарија на 20 и 21 јуни 2017 година, на која покрај него ќе присуствуваат и д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи,

м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура како и други министри кои дополнително ќе бидат определени.

4. Владата на предлог на Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија заклучи секој министер да определи лице од својот кабинет, кое ќе контактира со генералниот секретар на Владата, со цел обезбедување технички податоци за министерот (слика, биографија и други документи), заради комплетирање и унифицирање на веб-страницата на Владата на Република Македонија, како и за сите останати активности поврзани со функционирањето на Владата (примање на заклучоци од седниците на Владата, овластувања на министерот за електронски потпис, други специјални овластувања и сл.).

5. Владата, на предлог на Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, а во врска со проблемите со кои се соочуваат општините Липково и Боговиње поради изборот на градоначалниците на овие општини за министри, заклучи Министерството за локална самоуправа да подготви и за наредната седница на Владата да достави информација со предлог – одлуки за престанок на мандатите на градоначалниците на општините Липково и Боговиње, согласно член 54 од Законот за локалната самоуправа, врз основа на извештаите од општините доставени до Министерството за локална самоуправа.

6. Владата ја разгледа Информацијата со Предлог - заклучоци во врска со оперативниот континуитет во процесот на Европска интеграција и притоа заклучи:

1) На редовните седници на Владата, во делот на точките од Пред преминување на Дневен ред задолжително да се разгледуваат и точките Состојби и напредок во процесот на европска интеграција и Користење и имплементација на фондовите од ЕУ.

2) Се задолжуваат сите надлежни министерства и други органи на државната управа, да го прегледаат Планот на активности за имплементација на Итните реформски приоритети (ПАРИРП) и да достават до Секретаријатот за европски прашања статус на имплементација на истите, како и предлог нови мерки за забрзување на нивната имплементација и постигнување на повисоко ниво на напредок во клучните реформи, најдоцна до 15.6.2017 година.

3) По обезбедувањето на новиот статус на ПАРИРП, се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, да ја свика Специјалната министерска работна група за следење на имплементацијата на ПАРИРП најдоцна до 20.6.2017 година, со цел усогласување на новите и дополнети предлози.

4) Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, усогласените предлози и мерки во ПАРИРП да ги презентира на тематска седница на Владата, која да се одржи најдоцна до 26.6.2017 година.

5) Се задолжуваат сите надлежни министерства и други органи на државната управа, повторно да го разгледаат последниот Нацрт - текст на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ

(НПАА) ревизија 2017 и за своите забелешки повратно да го информираат Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 15.6.2017 година.

6) Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, ревидираната НПАА ревизија 2017 да ја достави до Владата за усвојување, најдоцна до 20.6.2017 година.

7) Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во соработка со надлежните министри, веднаш да иницира постапка за именување на нови претседавачи на Комитетот за стабилизација и асоцијација, седумте Поткомитети и Специјалната работна група за реформа на јавната администрација, до следната седница на Владата, со цел новите претседавачи веднаш да пристапат кон подготовка на состанокот на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој е закажан за 29.6. 2017 година во Брисел.

8) Се задолжува Секретаријатот за европски прашања веднаш соодветно да ги информира надлежните служби на Европската комисија за назначувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања за Национален координатор за програмата на ИПА, согласно Регулативата на ЕУ за ИПА.

9) Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања и НИПАК координатор, да пристапи кон подготовка на тематска седница на Владата посветена на Состојбите во имплементацијата на ИПА програмите, со предлог - мерки за подобрување на апсорпциските капацитети, која да се одржи најдоцна до 26.6.2017 година.

Истовремено, Владата заклучи:

1) На тематската седница на Владата да се разгледаат текстот на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) и Планот на активностите за имплементација на Итните реформски приоритети.

2) Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, материјалите за Состојбите и напредокот во процесот на Европска интеграција да ги достави навремено до надлежните министерства.

3) Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања и НИПАК координатор да ја разгледа можноста во одредени Поткомитети за стабилизација и асоцијација да се вклучат министрите, замениците на министрите или државните секретари со цел нивно зајакнување.

7. По повод укажувањето на претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, за потребата од забрзување на реформските процеси во правосудството, Владата заклучи:

- Согласно член 67 став 4 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/07 и 111/08) до Советот на јавни обвинители на Република Македонија да

достави предлог за разрешување на Марко Зврлевски од функцијата јавен обвинител на Република Македонија, пред истекот на мандатот поради: незаконито, ненавремено и недоволно стручно вршење на функцијата, со своето однесување и дејствување покажува дека не е способен за извршување на функцијата, не поднесува барање за покренување на кривична постапка за случаи предвидени со закон и поради нарушување на угледот на функцијата по кој Советот на јавни обвинители на Република Македонија до Владата на Република Македонија да достави образложено позитивно или негативно мислење во писмена форма.

8. Владата заклучи редовните седници на Генералниот колегиум на државни секретари да се одржуваат секој понеделник, во термин што дополнително ќе биде утврден од генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

Исто така, Владата заклучи редовните седници на основните комисии на Владата (Комисијата за економски систем и тековна економска политика, Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за политички систем) да се одржуваат секој петок, во термин што ќе го определат претседателите на комисиите, во некоја од салите во зградата на Владата на Република Македонија, што согласно термините и можностите ќе ги определи генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

9. По повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во врска со барањата на Кризниот штаб на Општина Тетово по настанатата ситуација со поплавите предизвикани од обилните врнежи на 5.6.2017 година во Општина Тетово и имајќи го предвид Записникот од 1-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 5.6.2017 година, Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Законот за земјоделство и рурален развој веднаш да формира комисија за процена на штети на земјоделските посеви настанати со поплавите предизвикани од обилните врнежи на 5.6.2017 година во Општина Тетово, како и да ги извести граѓаните, односно земјоделците кои се регистрирани/нерегистрирани, опфатени со поплавите, да доставуваат конкретни барања за надомест на штета до подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2) Донесе Решение за формирање на Комисија за вршење проценка на оштетувањата на недвижниот и движен имот во подрачјата зафатени со силното невреме и поплавите во Тетовскиот Регион и тоа:

а) за претседател на Комисијата за вршење проценка на оштетувањата на недвижниот и движен имот во подрачјата зафатени со силното невреме и поплавите во Тетовскиот Регион се именува м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски.

б) за членови:
- Екрем Зендели, заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување,
- Зоран Велков од Јавното претпријатие за државни патишта и
- Јулијана Петановска од Министерството за финансии.

в) по потреба во работата на Комисијата за вршење проценка на оштетувањата на недвижниот и движен имот во подрачјата зафатени со силното невреме и поплавите во Тетовскиот Регион дополнително да се вклучат и други лица, по предлог на министерот за транспорт и врски.

Во текот на утрешниот ден, формираните комисии од заклучоците број 1 и 2 да излезат на терен и да извршат увид.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски да подготват и до Владата да достават информација со комплетна постојна документација (проекти, анализи, студии и сл.) за изнаоѓање на трајно решение за решавање на проблемот или превенција од идни вакви случувања со свлечиштето во с.Порој, Општина Тетово.

10. По повод освојувањето на титулата европски клупски шампион од страна на Ракометниот клуб „Вардар", претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, утре (среда) 7.6.2017 година, во 12 часот, ќе ги прими ракометарите и управата на Ракометниот клуб „Вардар" и од името на Владата на Република Македонија ќе изрази благодарност до клубот за афирмација на Република Македонија во светот преку овој спортски успех.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:45 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**